Дневни билтени

2015

- Февруари
- Март
- Април
- Мај
- Јуни
- Јули
- Август
- Септември
- Октомври
- Ноември
- Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

# Извадок на дел дневните настани 23.06.2022

На 22.06.2022 во населба Тризла во Прилеп, полициски службеници од ОВР Прилеп го привеле М.Е.(27) од Прилеп. Тој бил баран по потерница за издржување затворска казна во Казнено-поправната установа Затвор Куманово. Лицето било спроведено во казнено-поправната установа за издржување на казната.

На 22.06.2022 во 10.15 часот во Штип, полициски службеници од Полициската станица Штип го лишиле од слобода Д.М.(33) од Штип поради основано сомнение дека е сторител на кривично дело по член 235 и член 236 од Кривичниот законик. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 22.06.2022 во 21.00 часот во Градскиот парк во Скопје, полициски службеници од Единицата за недозволена трговија при СВР Скопје го лишиле од слобода А.Х.(19) од Скопје затоа што кај него била пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 22.06.2022 во 22.40 часот на подрачјето на Центар, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Џ.Л.(18) од Скопје затоа што кај него била пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 22.06.2022 во 22.50 часот на подрачје на Центар, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Д.Г.(30) од Кавадарци затоа што кај него била пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 23.06.2022 во 04.10 часот на подрачје на Центар, полициски службеници од СВР Скопје го лишиле од слобода А.Љ.(45) од Скопје затоа што кај него била пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 23.06.2022 во 00.30 часот на подрачје на Бит Пазар, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода А.Л.(20) од Скопје затоа што кај него била пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 22.06.2022 во СВР Битола било пријавено дека при ископ на патот на крстосницата за с.Могила, битолско, била пронајдена неексплодирана артилериска граната со калибар 105мм од Првата светска војна. Гранатата била безбедно подигната од претставник на Дирекцијата за заштита и спасување, а увид извршила екипа од СВР Битола.

На 22.06.2022 во 09.45 часот на Граничен премин „Деве Баир", полициски службеници ја лишиле од слобода А.Л.(47) од Република Турција затоа што било констатирано дека возачката дозвола што ја дала на увид била фалсификувана. Лицето било предадено на полициски службеници од Полициска станица Крива Паланка за понатамошна постапка.

На 22.06.2022 на територијата на СВР Битола, полициски службеници спроведоа акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. Притоа, санкционирани биле 50 возачи, од кои 15 санкции се изречени на територија на Битола, 23 санкциии на територија на Ресен , 8 во Прилеп и 4 во Македонски Брод.

На 22.06.2022 во 10.40 часот во СВР Струмица било пријавено дека на локалниот пат од с.Нова Маала кон с.Чанаклија, струмичко, се случила сообраќајна несреќа помеѓу мопед без регистарски ознаки, управуван од Г.О.(63) од с.Чанаклија и патничко моторно возило „фолксваген фолф" со струмички регистарски ознаки, управувано од Е.Ј.(39) од Струмица. Во незгодата со тешки телесни повреди се здобил возачот на мопедот Г.О. кои му биле констатирани во Медицински центар Струмица. Увид на местото на настанот извршила екипа од СВР Струмица.

На 22.06.2022 во 17.15 часот во Полициската станица Карпош, Ј.И.(20) од Скопје пријавила дека на крстосницата од ул.„Бледски Договор" со ул.„Карпошово востание" била касната од куче скитник.

На 22.06.2022 во 08.00 часот во Полициската станица Чаир, Н.С.(45) од Скопје пријавила дека на ул.„Призренска" била касната од куче скитник.

Денеска (23.06.2022) во 08.50 часот, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода А.А.(22) од село Глумово, скопско. Тој бил баран со потерница поради бегство од Казнено-поправната установа Затвор Скопје. Лицето ќе биде спроведено во установата за издржување на казната.

На 22.06.2022 околу 13.15 часот, полициски службеници на СВР Тетово ги лишиле од слобода Б.Д.(24) од тетовска Мала Речица и Р.М.(46) од Тетово. Претходно, тие биле пријавени од вработен во угостителски објект дека претходната ноќ лажно претставувајќи му се во име на друго лице, управувајќи такси возила, во неколку наврати го измамиле, а тој им исплатил 18 илјади денари. Двајцата се задржани во Полициската станица Тетово и по целосно документирање на случајот ќе им биде изготвен соодветен поднесок по член 247 од Крвичниот законик.

На 21.06.2022 во 20.20 часот на патот Скопје – с.Танушевци, полициски службеници од Полициската станица за граничен надзор Танушевци извршиле преглед на товарно возило „мерцедес'' со скопски регистарски ознаки, управувано од Р.В. од с.Танушевци, а совозач бил Н.Р. од с.Визбегово. Притоа, во возилото биле пронајдени повеќе грла добиток кои ги превезувале без потребната документација. По консултација со Јавен обвинител случајот бил преземен од Агенцијата за храна и ветеринарство за понатамошно постапување. Возилото и добитокот биле одземени и по документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

Во текот на вчерашниот ден (22.06.2022), Министерството за внатрешни работи спроведе засилена акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на возила што се движат со брзина поголема од дозволената, при што санкционирани се 339 возачи. Од нив, 15 возила се движеле со брзина над 50 километри на час повеќе од дозволеното, а две возила се движеле со дури над 70 километри на час повеќе од дозволената брзина. Притоа, 179 возила ја пречекориле брзината во населено место, а 160 надвор од населено место. За време на акциската контрола санкционирани биле и 119 други видови прекршоци.

Министерството за внатрешни работи во текот на вчерашниот ден (22.06.2022) продолжи со засилените акциски контроли во обласа на сообраќајот. На територија на град Скопје изречени се вкупно 179 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 68 санкции, 17 мерки за возење без возачка дозвола, а девет за минување на затворен сигнал – црвено светло. Изречени се и девет мерки за прекршоци што ги прават возачите на мотоцикли, шест прекршоци за возач почетник, девет мерки за недавање предност на пешаци...

На 23.06.2022 во 02.50 часот на крстосницата од ул.„Орце Николов" со ул.„Коле Неделковски" на подрачје на Центар, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го пронашле М.А.(15) од Струмица – штитеник на ЈУ за згрижување на деца со воспитно социјални проблеми во н.Хром за кој на 15.06.2022 во Полициската станица Ѓорче Петров беше пријавено дека се оддалечил од установата.

На 22.06.2022 во 22.11 часот во СВР Скопје, Н.С. пријавил дека во угостителски објект во с.Морани, скопско, М.Н. се заканувал на неговиот татко С.С.(57) од с.Морани и се обидел да го нападне со пиштол, но бил спречен од присутните. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 22.06.2022 во 16.00 часот во Полициската станица Ѓорче Петров било пријавено дека на такси станица на подрачје на Ѓорче Петров, Љ.С.(38) од Скопје бил физички нападнат од Б.Н. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 21.06.2022 во 22.30 часот во Полициската станица Струмица, Ѓ.И.(41) од Струмица пријавила дека околу 19.20 часот во село Старо Балдовци, струмичко, по претходна физичка пресметка на нејзината малолетна ќерка со друга малолетничка, нејзината ќерка била физички нападната од таткото на другата малолетничка. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 23.06.2023 во 01.40 часот во Полициската станица Радовиш, М.Љ.(37) од Радовиш пријавил дека околу 00.40 часот во казино во Радовиш бил физички нападнат од Г.И. и уште едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

ОВР Кочани поднесе кривична пријава против С.С.(43) од Кочани поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични droги, психотропни супстанци и прекурсори". На 09.07.2021, полициски службеници извршиле претрес во домот на пријавениот, при што пронашле и одзеле марихуана.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Валандово поднесе кривична пријава против Ј.В. од Република Турција поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „уништување или оштетување јавни инсталации". На 21.06.2022 на ул„Јосиф Јосифовски" во Јосифово, пријавениот, управувајќи товарно моторно возило со полуприколка извршил оштетување на електрични кабли, кабел за интернет врски, при што оштетил и оџак и предизвикал материјална штета.

На 22.06.2022 во 03.45 часот во Полициската станица Гази Баба, С.А.(36) од Скопје пријавил дека околу 03.15 часот пред неговиот двор на подрачје на Гази Баба настанал пожар на неговото возило „ауди". Повредени лица нема. Увид на местото на настанот извршила екипа од СВР Скопје.

На 23.06.2022 во 10.00 часот во Полициската станица Центар, Н.С.(40) од Скопје пријавила дека на ул.„Беласица" била касната од куче скитник.



Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет